


# ВИКИЛИКС ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ГИ ДРМА МАКЕДОНСКИТЕ ПОЛИТИЧАРИ ЌЕ ИМА УШТЕ ДОКАЗИ И ДОКУМЕНТИ

Викиликс објави пресретната комуникација помеѓу оперативец на ЦИА и амбасадорот на САД во Македонија Филип Рикер, кој во моментов е назначен за надгледувач на операцијата за проемена на името.

Во тајниот извештај од 2008 година до Стејт Департментот на САД (ОТИ дивизија) Рикер бара заштита за неговиот „крт“ во Македонската влада – Никола Димитров.

„Кој го извади Димитров од заборав и го направи Министер за надворешни работи во Македонија за да ја потпише промената на името? Шефот на Бејли, Филип Рикер“ – констатира МИНА репорт.

Во документот објавен на сајтот на Викиликс, може да се види комуникацијата помеѓу Рикер и Стејт Департментот, во кој се објаснуваат активностите во врска со преговорите за името, додека Димитров беше главен преговарач.

Викиликс овде нема да запре со истакнувањето на документи за Македонските политичари.

[mak info]